# МУЗЕЈОТ И ДЕЦАТА



# НОРА И МАТЕЈ



Музејот на современата уметност во рамките на својата изложбена и пдагошка дејност организира манифестации посветени на детето.Тие ќе се одвиваат во текот на април, месец со кој се "отвара"пролетта, месец во кој на еден симболичен начин преку шегата, смеата, маскембалите и играта се изразува радоста на живеењето...

Манифестациите започнуваат со изложбата на цртежи и сеченки на Лазо Плавевски, посветени на неговите деца Јане и Ц ена.Тие се резултат на креативна игра, на едно спонтано визуелно искажување, поттикнато од бујната имагинација на децата.Изложбата, неконвенционална по својот карактер ќе отвори нови интимни простори и светови.

Вториот сегмент од од проектот се однесува на изложбата на детски цртеж, каде што ќе бидат прикажани ликовните прикаски на Нора Грчева и Матеј Богдановски еден недопирлив свет на чувствата, желби и вистински простор во вселената на детската игра.

За да им се доближи на децата, колку што е можно, современата ликовна уметност или децата да се доближат до неа, е замислено група од 15-20 ученици од пред училишна возраст до 5 то одделение, овој пат од ОУ "Брајќа Рибар" од Скопје, да се вклучат во детската ликовна работилница, Тоа подразбира запознавање со остварувањата на ликовните уметници чии дела се изложени во постојаната поставка на Музејот, кои би биле инспирација за создавање мали-големи детски визии, доживувања и вклопувања на сегменти од ликовното во една нивна слободна реализација и интерпретација .Творбите ќе бидат изложени во Музејот ,а целта е да се иницираат и поттикнат натамошните манифестации, да се анимираат и заитересираат децата за современата ликовна уметност.


Организација: Музеј на современата уметност, Скопје
Одговорен уредник: Слободанка Парлиќ Баришиќ

Компјутерска подготовка: Блажо Мицевски
Спонзори: Макпетрол, Скопје и "Детска радост", Скопје

# МУЗЕЈОТ И ДЕЦАТА



# МАТЕЈ И НОРА

Лазо Плавевски, Цртежи за Јане и Цена, МСУ, 16.04.1992
Детски цртеж (Нора и Матеј), Галерија на МСУ во ЈАТ, 21.04.1992
Детска работилница, МСУ, 28.04.1992

Музеј на современата уметност - Скопје